ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Од: ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
До: ЈАВНОСТА
Дата: 15.11.2010

# СООПШТЕНИЕ ДО ЈАВНОСТА

## ЗА НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИ ДОМОВИ И БРЗА ПОМОШ

Фондот за здравствено осигурување на Македонија (ФЗОМ) ја информира јавноста за следново:

Во петокот 12.11.2010 година ФЗОМ организираше работен состанок со Управителите на Здравствените домови од Р.Македонија. На состанокот беше презентирана работна верзија од моделот на финансирање на Здравствените домови по пример и решение од други здравствени системи. Со што од моделот –оправдување на буџет со здравстени услуги се менува во буџетирање според тимови во соодветната дејност.

Најголема придобивка од новиот начин на буџетирање имаат граѓаните на Р.Македонија.

Со новиот начин на буџетирање се отклонува голема неправда на Здравствените домови во поглед на Брзата Помош.

Досегашниот начин на плаќање на Брзата помош се одвивала според остварен повик, новиот начин на плаќање се остварува со плаќање по тим (доктор, сестра, возач) и режиски-амортизациони трошоци за возило.

Овој начин е за доброто на граѓаните и финансиски е поголем трошок на ФЗОМ и според реакциите од медиумите се добива впечаток дека единсветни на кои не им одговара се Тие кои не сакаат да постои Брза помош во Р.Македонија.

Да, ФЗОМ ќе одвојува повеќе пари со овој начин на плаќање, но замислете сегашниот начин споредбено е ваков: Да се плаќа против пожарна служба според колку пожари имало во месецот.

Брзата помош не треба да се плаќа по повик туку да се плаќа за постоење и одржување на истата.

Пример: Во градот Берово со сегашниот начин се плаќа 2.372.234 денари со новиот начин 5.778.736 денари.

Тетово со сегашниот начин се плаќа 11.769.631 денари со новиот начин ќе се плаќа 18.780.891 денари за Брза помош.

Затоа Напоменуваме, овој проект изготвен според меѓународно искуство треба да се додефинира, сеуште е во работна верзија и да се имплементира 2011 година.

Бранко Аџигогов
Портпарол